# Амстердам Getaway

## 5. декември 2025. - 8. декември 2025.
## 4 дена - 3 ноќи

Ова е една од оние земји низ **#ЦелСвет** каде што ќе се чувствувате како да сте дел од некоја уметничка изложба… ама жива. Добредојдовте во **Холандија** – земја каде што реалноста изгледа подобро од филтрите на Instagram!

Велат „секаде велосипед, секаде канал“, ама само кога ќе пристигнете во Амстердам, ќе разберете што значи тоа. Ќе почувствувате град кој дише слобода, каде луѓето не се грижат што носите, како изгледате или кого сакате и баш затоа ќе се чувствувате свои, на свое.

Шетаме покрај каналите, низ улиците што мирисаат на свежо печен леб и **stroopwafels**. Градот ве пречекува со калдрмисани улички, неверојатна енергија, street art на секој ќош и звуци од ѕвончиња на велосипеди. Кафулиња во кои времето застанува, музеи кои ќе ви го одземат здивот: Van Gogh, Rijksmuseum, Anne Frank House. Ама ништо не е како кога ќе се изгубите во Jordaan, најшармантниот кварт, каде што сѐ изгледа како сцена од филм.

Ама не е сѐ Амстердам. Ајде малку и надвор од него! Да видиме ветреници во Zaanse Schans, оние баш како од разгледница, и да прошетаме низ полето на тулипани во Keukenhof, каде што боите се толку живи што ќе помислите дека некој ви ставил 3D очила.

И ако мислевте дека Франција има вино, почекајте да пробате холандско сирење со чаша ладно бело вино, со поглед на река. Gouda, Edam, Maasdam, тука сирењето е религија. Ама вистинскиот грев е да не се проба haring на пазар, или **poffertjes -** мали палачинки што ве враќаат во детство. Па потоа едно топло кафе и, нормално, stroopwafel кој се топи со секое вдишување.

Има нешто во Холандија што не се опишува. Тоа чувство кога ќе видиш постар човек како чита книга покрај каналот, додека тинејџер на скутер поминува со Bluetooth звучник што свири техно. Баланс. Хармонија. Необичен ред во една луда, шарена слобода.

Па што велите? Дали сте подготвени да шетаме низ улиците на Амстердам, да се воодушевиме на уметноста, да се заљубиме во шармот на Утрехт и да сонуваме на бреговите на Хага?

Ова не е само патување. Ова е да се види светот низ нови очила. Да се почувствува тишината во музеите и бучавата на градот. Да се сретнеме со слобода. Да се најдеме себеси.

**#Холандија** – земја со душа, со срце, и со велосипеди. Многу велосипеди.

**План и програма**

**Ден 1: Состанок на патниците, Амстердам City Tour & Night Cruise**

Состанок на патниците во Скопје и трансфер до Аеродромот во Тирана, Албанија. Пристигнуваме во Амстердам во попладневните часови и имаме трансфер со јавен превоз до нашето сместување. **Авантурата може да започне!** Овој ден го започнуваме со прошетка низ историјата, архитектурата и духот на Амстердам, град што најдобро се доживува на нозе, по калдрмисаните улици и покрај тивките канали. Започнуваме од Централната станица, готска градба од крајот на 19 век и вистинска капија кон минатото. Продолжуваме кон плоштадот Дам, каде се издигнуваат Кралската палата, Новата црква и фасадата на Мадам Тисо, симболи на старата и новата историја на градот. Пешачиме низ тесните улички до Oude Kerk, најстарата црква во градот, а потоа и до De Waag, стара градска порта што денес е атмосферен кафе-ресторан. Следува прошетка низ Еврејскиот кварт. Дел од градот со тивка, но силна приказна, а потоа ја посетуваме и куќата на Рембрант, местото каде големиот уметник ги создал своите ремек-дела. Денот го заокружуваме со прошетка низ шарениот Waterlooplein Market и незаборавеното финале во Цветниот пазар (Bloemenmarkt)  единствениот пливачки цветен пазар во светот, каде лалињата се сеќавања што можете да ги понесете со себе. Вечерта пак е предвидена за Amsterdam Light Festival, еден од највпечатливите фестивали на светлина во Европа. Пловиме низ каналите заштитени од UNESCO, под светлото на инсталации создадени од уметници од целиот свет. Нашиот капетан ни ги раскажува историјата на градот, додека уметноста, светлината и водата се преплетуваат во едно неверојатно вечерно доживување. **Ноќевање**.

**Превоз**
Трансфер од Скопје до Меѓународниот Аеродром во Тирана
Индивидуален авио билет со сите такси на релација Тирана - Ајндховен (WizzAir) со вклучен рачен багаж од 10kg со димензии 40x30x20cm
Трансфер (воз/автобус) од аеродромот во Ајндховен до сместувањето.

**Сместување**
Amsterdam Forest Hotel **(1 ноќ)**

**Место**
Скопје, Тирана, Ајндховен, Амстердам

**Факултативни излети**
Amsterdam City Tour
Amsterdam Night Cruise

**Ден 2: Факултативен излет - Zaan Schans, Edam, Volendam & Marken**

Ветерници, сирење и вода се трите симболи на Холандија, далеку од гужвата на градот, ги посетуваме величествените воденици, шармантните села Едам, Волендам и Маркен, и ќе се нурнеме во традициите што ја обликувале оваа земја. Нашата прва станица е прекрасното село -музеј покрај реката Зан, Zaanse Schans, каде се наоѓаат традиционалните ветерници од 17 век. Тука ќе почувствуваме како изгледал животот пред индустриската ера. Продолжуваме кон историскиот град Едам, светски познат по неговото сирење со заштитено географско потекло. Неговото старо градско јадро е под заштита на УНЕСКО од 1996 година, и крие уште многу богатства освен сирењето. Ќе имаме прилика да видиме и како се изработуваат дрвени кломпи кои се симбол на холандската традиција. На патот кон Волендам ќе застанеме на традиционална фарма, каде ќе научиме како се прави вистинско холандско сирење, и, секако, ќе имаме можност да дегустирате разни видови свежо произведено сирење. Во Волендам, ќе прошетате покрај стариот рибарски пристаниште, ќе пробате локална риба, и ќе уживате во глетката на Ijsselmeer, вештачко езеро создадено со помош на неверојатен инженеринг. Нашата последна дестинација е Маркен. Поранешен остров, денес поврзан со копното, познат по традиционалната архитектура, тесните улички и рибарските куќи, кои привлекуваат посетители преку целата година. **Ноќевање**.

**Сместување**
Amsterdam Forest Hotel **(1 ноќ)**

**Место**
Амстердам

**Факултативни излети**
Zaan Schans, Edam, Volendam & Marken

**Ден 3: Факултативен излет – Brugge**

Овој ден го започнуваме со разрешување на дилемите бидејќи сигурно барем еднаш сте помислиле: „Какво чудно име за град!“ И ние си го поставивме истото прашање. Но, штом ќе го  посетите Бриж за првпат, веднаш ќе сфатите зошто овој град е толку магичен и незаборавен. Каналите се виат низ градот, создавајќи романтична атмосфера која му го има донесено прекарот „Венеција на Северот“.  Шетаме по калдрмските улици, под средновековни камени мостови, покрај градби од тули и цркви од камен и воедно патуваме низ времето па пристигнуваме директно во Средниот век. Minnewater или едно од најфотогеничните места во Бриж! Овој парк со своето бајковито езеро со лебеди изгледа како сцена од приказна. Begijnhof или местото каде живееле бегинките - жени кои биле еманципирани за своето време. Тие студирале, се молеле и работеле, без да бидат дел од религиозениот ред. Црквата на Богородица (Church of Our Lady) - Секој пат кога ќе го поминете мостот што води до оваа црква, ќе имате чувство дека сте се вратиле во 13-тиот век. Со својата кула висока над 100 метри, таа доминира над градот. Внатре се наоѓа едно од најпознатите дела на Микеланџело - „Богородица со дете“.  Следна станица, Големиот Пазар (Grote Markt) и ако сè уште се двоумите дали Бриж е еден од најубавите градови на светот, доволно е да стигнете на ова плоштадче. Веднаш ќе исчезнат сите сомнежи. Ви ветуваме ќе останете без зборови! **Ноќевање**.

**Сместување**
Amsterdam Forest Hotel **(1 ноќ)**

**Место**
Амстердам

**Факултативни излети**
Brugge: Венеција на сверот

**Ден 4: Напуштање на сместувањето и крај на патувањето!**

Рано наутро се одјавуваме од хотелот во Амстердам. Трансфер со јавен превоз (воз/автобус) во утринските часови до аеродром. Лет од Ајндховен до Тирана. Пристигнување во Тирана и имаме организиран трансфер до Скопје. Крај на патувањето.

**Превоз**

Трансфер (воз/автобус) од сместувањето до аеродром
Индивидуален авио билет со сите такси на релација Ајндховен - Тирана (WizzAir) со вклучен рачен багаж од 10kg со димензии 40x30x20cm
Трансфер од Меѓународниот аеродром во Тирана до Скопје

**Место**

Амстердам, Ајндховен, Тирана, Скопје

## Цени и услови

**Што е вклучено**

Регуларна цена
**849,00** EUR

**ПРОМО ПОПУСТ!**
Попустот важи само за **првите 4 пријави!**
**649,00** EUR

**Не е вклучено**

- Меѓународно здравствено осигурување (може да се уплати во агенцијата)
- Индивидуални трошоци за времетраење на аранжманот
- Факултативни излети и влезници за културно-историски споменици

Сите уплати се вршат **исклучиво во денарска противредност** по курс од 62 денари за 1 евро и тоа:**при пријавување се плаќаат 200€ (12.400,00 МКД) по лице.** Преостанатиот дел се плаќа **најдоцна 40 дена пред поаѓање.** Можност за плаќање преку трансакциска сметка (на фактура) и со платежни картички Visa, Master, Maestro.

Доколку се пријавите како **соло патник**, потребна е **доплата за еднокреветна соба**. Со цел да го избегнете овој трошок по пријавата ние ќе го рекламираме Вашето поаѓање на нашите социјални медиуми за да најдеме друг соло патник кој би сакал да дели сместување со Вас. Агенцијата нема обврска задолжително да Ве спои со друг соло патник доколку никој не се пријави. **Во тој случај, доплатата за еднокреветна соба останува** како ставка за плаќање од страна на пријавениот патник.

## Факултативни излети

### Amsterdam City Tour

**Цена**: **40,00** EUR

Овој ден го посветуваме на прошетка низ историјата и душата на Амстердам, град со шарм, карактер и безвременска убавина. Нема подобар начин да го запознаете отколку пеш, низ неговите калдрмисани улици, покрај каналите и под сенките на неговите препознатливи фасади. Нашето патување започнува од Централната станица - импозантна градба од крајот на 19 век, дело на познатиот архитект Кајперс. Со својата готска елеганција, ве пречекува како капија кон минатото, а приказната допрва започнува. Продолжуваме кон срцето на градот, плоштадот Дам. Тука, пред стотици години, е изградена првата брана, која го дала името на градот. Денес, на ова место се издигнуваат Кралската палата, Новата црква и фасадата на Мадам Тисо, модерни симболи впишани во старото ткиво на градот. Но и покрај сето тоа плоштадот зрачи со некаква смиреност, како да ве поканува само да застанете и да впиете сè. Од таму, чекориме низ тесните улички кон Oude Kerk, Старата црква, најстарата во Амстердам. Се упатуваме кон De Waag, стара градска порта што со векови менувала улоги: од куќа за мерење, преку седиште на хируршката гилда, па сè до денешниот кафе- ресторан со неспоредлива атмосфера. Место што живее со спомени и со мирис на кафе. Прошетката не води меѓу улиците што паметат и солзи и надеж, место каде Амстердам го добил својот прекар „безбедно засолниште“, Еврејскиот четврт. Историјата што тече тука не е лесна – но е важна. Тивка, моќна и трогателна. Низ таа тишина, ненаметливо се доближуваме до куќата на Рембрант, каде е создадена уметност што го промени светот. Замислете да застанете токму на местото каде што неговата четка ја оживеала „Ноќната стража“ – дело кое првично имало сосема друго име и порака. Го менуваме ритамот и влегуваме во еден сосема поинаков свет – Waterlooplein, бувљакот на Амстердам. Пазар полн со енергија, боја, љубопитни погледи и неочекувани откритија. Ако ви се гледа нешто уникатно, ова е вистинското место. И токму кога ќе помислите дека градот веќе не може да ве изненади – доаѓаме до последната станица: Цветниот пазар, или Bloemenmarkt. Пливачки тезги полни со лалиња, ароми и традиција стари повеќе од 150 години. Место каде што боите зборуваат повеќе од зборовите, и каде што секоја луковица што ќе ја понесете дома, е спомен што ќе продолжи да расте.

**Во цената на излетот е вклучено:** претставник од агенцијата, локален водич

**Во цената на излетот не е вклучено:** трансфер од/до хотелот

### Amsterdam Night Cruise

**Цена**: **55,00** EUR

Секоја зима, кога ноќта станува подолга, а градот потивок, Амстердам се претвора во жива уметничка сцена. Каналите, мостовите и историските улици стануваат платно за светлосни уметници од целиот свет, кои го раскажуваат својот јазик преку светлина. Ја доживуваме магијата на еден од највпечатливите фестивали во Европа – Amsterdam Light Festival. Пловиме низ каналскиот прстен заштитен од UNESCO, додека нашиот капетан ни раскажува интересни приказни, а верувајте овој град ги има во завиден број.

**Препорака**: топла гардероба.

**Во цената на излетот е вклучено:** претставник од агенцијата, локален водич/домаќин на бродот, такса за влез на Фестивалот на светлината, неограничени алкохолни и безалкохолни пијалоци, закуска за добредојде

**Zaan Schans, Edam, Volendam & Marken**

**Цена**: **100,00** EUR

Ветерници, сирење и вода, трите симболи на Холандија, далеку од гужвата на градот! Ги посетуваме величествените воденици, шармантните села Едам, Волендам и Маркен, и ќе се нурнеме во традициите што ја обликувале оваа земја. Нашата прва станица е прекрасното село – музеј покрај реката Зан, Zaanse Schans, каде се наоѓаат традиционалните ветерници од 17 век. Тука ќе почувствуваме како изгледал животот пред индустриската ера. Продолжуваме кон историскиот град Едам, светски познат по неговото сирење со заштитено географско потекло. Неговото старо градско јадро е под заштита на УНЕСКО од 1996 година, и крие уште многу богатства освен сирењето. Ќе имаме прилика да видиме и како се изработуваат дрвени кломпи кои се симбол на холандската традиција. На патот кон Волендам ќе застанеме на традиционална фарма, каде ќе научиме како се прави вистинско холандско сирење, и, секако, ќе имаме можност да дегустирате разни видови свежо произведено сирење. Во Волендам, ќе прошетате покрај стариот рибарски пристаниште, ќе пробате локална риба, и ќе уживате во глетката на Ijsselmeer, вештачко езеро создадено со помош на неверојатен инженеринг. Нашата последна дестинација е Маркен, поранешен остров, денес поврзан со копното, познат по традиционалната архитектура, тесните улички и рибарските куќи, кои привлекуваат посетители преку целата година.

**Во цената на излетот е вклучено:** претставник од агенција, организиран трансфер по предвидениот план и програма, локален водич, посета на познатите ветерници во Zaanse Schans (**влезницата не е вклучена**), демонстрација за изработка на дрвени кломпи, дегустација на сирења.

**Brugge: Венеција на северот**

**Цена**: **130,00** EUR

Бидете искрени, сигурно барем еднаш сте помислиле: „Какво чудно име за град!" И ние си го поставивме истото прашање. Но, штом ќе го посетите Бриж за прввпат, веднаш ќе сфатите зошто овој град е толку магичен и незаборавен. Каналите се виеат низ градот, создавајќи романтична атмосфера која му го има донесено прекарот „Венеција на Северот". Прошетајте по калдрмските улици, под средновековни камени мостови, покрај градби од тули и цркви од камен, и доживејте чувство како да сте патувале во времето – директно во Средниот век. Minnewater - едно од најфотогеничните места во Бриж! Овој парк со своето бајковито езеро со лебеди изгледа како сцена од приказна. Begijnhof - Овде живееле бегинките, жени кои биле еманципирани за своето време. Тие студирале, се моделе и работеле, без да бидат дел од религиозен ред. Црквата на Богородица (Church of Our Lady) - Секој пат кога ќе го поминете мостот што води до оваа црква, ќе имате чувство дека сте се вратиле во 13-тиот век. Со својата кула висока над 100 метри, таа доминира над градот. Внатре се наоѓа едно од најпознатите дела на Микеланџело – "Богородица со детето". Големиот Пазар (Grote Markt) - Ако сè уште се двоумите дали Бриж е еден од најубавите градови на светот, доволно е да стигнете на ова плоштадче. Веднаш ќе исчезнат сите сомнежи. Ви ветуваме: ќе останете без зборови.

**Во цената на излетот е вклучено:** претставник од агенција, организиран трансфер по предвидениот план и програма, локален водич

**Сместување**

**Amsterdam Forest Hotel** ***

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

**Amsterdam Forest Hotel 3★** е модерен и елегантен хотел лоциран во мирната зелена зона на Amstelveen, на само 15 минути од центарот на Амстердам. Хотелот нуди стилски уредени соби со Smart TV, Nespresso машина, приватна бања и бесплатен WiFi. Гостите имаат можност за изнајмување велосипеди. Идеален избор за патници кои бараат комфор, тишина и брз пристап до градот.

**Сајт**
https://www.amsterdamforesthotel.com/

**Адреса**
Amsterdamseweg 465A
1181 BR Amstelveen
Netherlands\

**Превоз**

**Места**

**Скопје**

Скопје е главен и најголем град на Република Северна Македонија.

**Тирана**

Тирана

**Ајндховен**

**Ајндховен** (холдански: *Eindhoven - Ејндховен*) — општина и градво покраината Северен Барбант на југот на Холандија, првобитно поставен на устието на реките Домел и Гендер. Гендер е исушен со брана по Втората светска војна, но Домел сè уште тече низ градот.

Блиски градови и гратчиња се Сон Ел Бурген, Нунен, Хелдром- Миерло, Варле, Фелдховен, Оиршот и Бест. Оваа агломерација има околу 440.000 жители. Целата област (заедно со Хелмонд) има околу 750.000 жители. Ајндховен е исто така дел од урбаната област Брабант Стад, којашто има над 2 милиони жители.

**Амстердам**

**Амстердам** е град со карактеристична холандска архитектура, канали и мостови. Многу европски престолнини изобилуваат со историски знаменитости, но она што Амстердам го прави посебен е тоа што речиси секоја градба во исто време е и историски споменик и нечиј животен простор. Главниот град на Холандија ги има сите карактеристики на метропола, живост и ритам на голем град.

**Корисни информации**

**Важни напомени**

**Напомени:**
**Општи напомени:**

- Организатор на патувањето е ТА ЦЕЛ СВЕТ ДОО СКОПЈЕ со лиценца УП 113-289 ОД 17.07.2024 година.
- При пријавување, потребно е да доставите копија од пасош/податоци од пасошот со кој патникот ќе патува на самото патување. Патникот мора задолжително да го провери траењето и исправноста на патниот документ, како и бројот на слободни страници потребни за патувањето.
- Сите пасоши мораат да имаат рок на важење минимум 180 дена (6 месеци) од датумот на враќање во земјата.
- Организаторот на патувањето го задржува правото на измена на одредени содржини од програмата, во случај на вонредни околности и работи кои агенцијата не може да ги предвиди, за време на склучување на договорот.
- Организаторот на патувањето не е овластен и не ја проценува валидноста на патните и други исправи.
- За сите информации кои се дадени по усмен пат, агенцијата не сноси никаква одговорност.
- Потписникот на Договорот за патување или претставникот на групата на патници е задолжен да ги информира и запознае сите патници со договорениот програм на патување, условите на плаќање, визирање и ОПШТИТЕ УСЛОВИ НА ПАТУВАЊЕ НА ТА ЦЕЛ СВЕТ од СКОПЈЕ.
- Патниците се должни, два дена пред поаѓање, да го проверат точното време и место на поаѓање на групата.
- Патникот е должен сам да се запознае со правилата на однесување во земјата во која патување и да ги почитува важечките законски царински прописи.
- Во превозните средства најстрого е забрането пушење, конзумирање на алкохол и опојни средства.
- Патниците се дожни да, во автобусите и другите превозни средства со кои се врши трансфер, останат на своите места и не смеат истите да ги напуштаат на места кои не се предвидени за пауза (граници, чек-поинт станици, патарини итн). Во случај патникот да го напушти возилото без претходен договор со претставникот на агенцијата, истиот сам ги сноси сите трошоци и последици.
- Патникот кој преку неадекватно однесување, ги вознемирува останатите патници или смета на шоферите и/или придружникот на групата во својата работа, ќе биде одма исклучен од патувањето и целата одговорност преоѓа на него/неа, без право на жалба и враќање на пари.
- Патникот е должен да ја почитува “саатницата” одредена од страна на претставникот на агенцијата на патувањето, во спротивно, претставникот на агенцијата има право да го исклучи патникот од патувањето.
- Во туристичките автобуси не е можна употреба на тоалет. Во согласност со планот и програмот на патувањето, паузи се прават на 3-4 часа (во зависност од локацијата и опременоста на бензинските станици), кои патниците можат да ги користат за употреба на тоалет.
- Агенцијата го одредува распоредот на седење, местото на поаѓање, местата за паузи и времетраењето на истите. Со плаќање на превозот, патникот го прифаќа горенаведеното, без право на приговор и жалба.
- Аранжманот е направен на база на минимум 10 патници за далечни патувања и 50 патници за европски патувања.
- Во случај на недоволен број на патници за реализација на аранжманот или други објективни околности, организаторот на патувањето ги информира патниците дека аранжманот е откажан – најкасно 10 дена пред датумот на поаѓање за далечни патувања и 5 дена пред датумот на поаѓање за европски патувања.
- Кај аранжманите кои вклучуваат превоз со авион, по купување на авио картата, невозможно е средствата да се вратат и во тој случај – важат условите на авио компанијата.
- Кај аранжманите кои вклучуваат low-cost авио компании, во случај на одложување на летот, откажување или губење на конекциите, патниците се дожни сами да ги платат новонастанатите трошоци и агенцијата не може да влијае на околностите кои се надвор од нејзиниот домет.
- Цените на low cost аранжманите се подложни на промена. По уплата на авансот се проверуваат тарифите и на патникот му се потврдува цената на аранжманот.
- Агенцијата не сноси одговорност доколку дојде до промена на авио конекциите од страна на авио компаниите.
- Саатниците на летовите наведени во планот и програмот или добиени од страна на агенцијата се подложни на менување и зависат исклучиво од авио компанијата.
- Агенцијата го задржува правото да го одбере превозното средство за трансфер. Трансферот се врши до самото сместување, доколку истото е физички возможно.
- За сите понудени или достапни дополнителни доплати, кои имаат врска со планот и програмот на патувањето, или сместувањето, потребно е да се изјасните при пријавување.
- Доколку некој патник сам одлучи да смени дел од планот и програмот на патувањето, агенцијата нема обврска на тој патник да му обезбеди трансфер/ран или доцен check-in или check-out во сместувањето/различни ноќевања во сместувањата, од она што е предвидено со планот и програмот на патувањето.
- Малолетните патници за време на патувањето мора да имаат заверена согласност од родителите.
- Заради почитување на саатниците предвидени со програмот на патување, како и почитување на времето на останатите патници од групата, не постои можност за задржување на границите кои претставуваат излез од Европска Унија, поради заверување на сметки и враќање на данок од Европската Унија (TAX FREE)
- Наша препорака е да водите сметка за вашите лични документи и пари на Вашето патување.
- За овој аранжман се применуваат ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ПАТУВАЊЕ.

**Напомени во врска со сместувањето:**

- Организаторот на патувањето, ТА ЦЕЛ СВЕТ, го задржува правото на распоред по соби, во согласност со структурата на собите во сместувачкиот објект. Доколку постои можност, агенцијата се труди да излезе во пресрет на желбите на патниците (Ве молиме да имате разбирање. Ова патување пред с треба да биде авантура и добра забава).
- Во сместувачките објекти се влегува прviот ден од престојот во согласност со правилата на самиот сместувачки објект.Начесто, check-in е во попладневните часови (14h или 15h), а check-out – последниот ден од престојот, најчесто до 10h или 11h.
- Описите на сместувачките објекти се од информативен карактер.

- Некои од дополнителните содржини на сместувачките објекти се достапни со доплата. Постои можност на отстапувања и промена на достапноста на некои содржини, бидејќи истите зависат исклучиво од сместувачките објекти (нпр. Сеф, паркинг, мини-бар, ТВ, клима уред...)
- Патникот е должен да ги почитува правилата на сместувачкиот објект и сам сноси одговорност доколку дојде да санкционирање од страна на персоналот на сместувачкиот објект
- Во некои сместувачки капацитет во Азија, Африка и Латинска Америка – нема врела вода.
- Сместувачките капацитети ги сместуваат патниците и го одредуваат распоредот и типот на собите спрема својата расположливост во дадениот момент. Агенцијата не е во можност да им потврди на клиентите дали креветите ќе бидат twin (раздвоени) или double (голем француски лежај), како ни спратноста во самото сместување, освен доколку тоа не е посебно назначено во Договорот. Клиентот со уплата на аранжманот се согласува со овие факти и условите на сместувањето, без право на жалба.
- Патниците кои што патуваат сами во некои програми имаат можност да со доплата, престојуваат сами во еднокреветна соба. Доколку патникот сака да се спои со некој од другите патници од групата и не сака да плаќа доплата, прифаќа да се спои со било кое лице од групата, без оглед на возраста и полот на сопатникот. Во овие ситуации, агенцијата апсолутно не одговара за било какви евентуални непријатност или несогласувања кои патниците можат да ги имаат за време на патувањето.

**Напомена во врска со факултативните излети:**

- Факултативните излети не се задолжителен дел од патувањата и за факултативните излети не е обезбедена заштита во поглед на гаранција за патувањето.
- Термините и цените на факултативните излети се променливи и зависат од слободните термини по локалитетите, бројот на пријавени патници и други објективни околности.
- Факултативните излети се реализираат од страна на локални агенции. ТА ЦЕЛ СВЕТ не е во можност да влијае на работи кои се надвор од нејзиниот домет, односно се врзани за самата реализација на излетот.
- Факултативните излети се реализираат од локални туристички водичи, на самите локалитети, на англиски јазик. Со плаќање на излетот, патникот ги прифаќа сите услови на локалната агенција, без право на жалба.
- Агенцијата не може да влијае на времетраењето на патувањата до локалитетите, времето на поаѓање, враќање или обиколка, како ни стручноста на локалните водичи.
- При уплата на факултативен излет, патникот ги прифаќа условите на локалната агенција која е организатор на излетот. Доколку еден патник уплаќа излет во име на други патници, истиот е должен да ги извести сопатниците за условите на локалната агенција. Било какви измени и откажување од излетот по уплатата, не се возможни, ниту е возможно, под било кои околности, да се рефундираат уплатените средства.
- Се молат сите патници, пред уплаќање на факултативен излет, да се информираат и упознаат со предвидениот план и услови за факултативниот излет.

**Напомена во врска со визите**:

- Патниците задолжително мора да се запознаат со визниот режим на државата во која патуваат.
- Некои амбасади бараат задолжително присуство на патникот за аплицирање за виза. Патниците се должни да ги испочитуваат правилата на амбасадата,
- Патниците се должни да ги достават документите за визирање, најдоцна 1 месец пред патувањето, а доколку не ги достават во наведениот рок, должни се сами да ја обезбедат визата за патување.
- Патниците кои не поседуваат нови биометриски пасоши на Република Македонија, должни се сами да се запознаат со визниот режим на државите во кои патуваат и сами да ги обезбедат визите за патување.
- Агенцијата не гарантира дека на патникот ќе му биде одобрена виза и не е овластена да утврдува валидност на документи.
- Агенцијата не сноси одговорност во случај на недобивање на виза.